| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПУШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Пишување и користење правописни правила | Пишува едноставен текст по сеќавање на некој настан, со почитување на правописните правила. | 153 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците се искажуваат за пролетниот распуст и како ги поминаа деновите.<br>• Кој голем православен празник го прославме за време на распустот?<br>• Кои традиционални обичаи за Велигден ги правите во вашиот дом?<br>• Кој обичај најмногу ви се допаѓа? Зошто?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците следат насоки да напишат краток текст за некој настан кој им оставил најголем впечаток за време на пролетниот распуст или за време на велигденските празнувања.<br>Се укажува да внимаваат на правописните правила. Исто така се насочуваат да користат придавки за збогатување и разубавување на речениците.<br>Во текот на пишувањето наставникот повикува ученици да прочитаат дел од напишаното со насоки за продолжување или подобрување.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Читање на неколку писмени состави и искажување од учениците дали во текстот можеле да додадат нешто друго за подобро да го опишат настанот и дали нешто би промениле. | табла<br><br>тетратка | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Писмен состав по сеќавање на настан<br><br>Правилна примена на правописните правила<br><br>Учество во изведување на заклучоци<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *Активноста може да продолжи и во времето за продолжен престој на учениците со цел сите ученици да напишат текст и да добијат повратен одговор од наставникот за правилна примена на правописни правила.*<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПУШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Видови зборови во реченица<br><br>(именки, глаголи, придавки, броеви) | Идентификува глаголи во дадена реченица | 154 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците добиваат различни задачи од наставникот. **Пр.** Да ја изговори цела азбука, да стани од столче, да ја отвори вратата, да нацрта сонце на табла, да скокни 5 пати на 1 нога и сл.<br>Учениците се искажуваат на прашањето:<br>• Што правевте? (скокав, броев, пишував, цртав, отворив и сл).<br>• Што правеше ...?(скокаше, броеше, пишуваше...)<br>Се изведува заклучок дека зборовите со кои се означува дејство се викаат ГЛАГОЛИ.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Преку техника ГРОЗД учениците наведуваат зборови со кои се означува некаква работа:<br>**работи спие мие пее оди врне**<br>ГЛАГОЛИ<br>**пие јаде пишува учи трча вози**<br>Заедно со учениците се составува реченица со избор на еден од понудените глаголи.<br>• Горан <u>работи</u> во продавница за чевли.<br>Учениците пишуваат две-три реченици со примена на глаголи и го потцртуваат зборот кој е глагол во реченицата со црвена боичка.<br>Наставникот на табла запишува неколку кратки | бела табла<br><br>тетратка<br><br>боичка<br><br>учебник<br><br>компјутер<br><br>проектор | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Препознава глаголи во реченица и текст<br><br>Пишува реченици и ги посочува глаголите кои ги применува во реченицата.<br><br>Учество во изведување на заклучоци<br><br>Домашна работа |

resursi.literatura.mk

реченици во кои недостига глагол, а учениците треба самостојно да ги дополнат.

- Кучето_______ низ дворот.
- Авионот _________ високо над облаците.

**Завршни активности – изведување заклучок**

Учениците во текстот„ Тешко прашање“стр.155 ги пронаоѓаат и ги потцртуваат глаголите.



ТЕШКО ПРАШАЊЕ

Снежана, Зага и јас, обично, се одмараме во бавчата, зад куќата. Лежевме по тревата, прелистувавме сликовници, броевме по колку кајсии родила секоја гранка...

Еднаш, Снежана ме погледна право во очи и ме праша:

– Тате, која од нас повеќе ја сакаш? Мене или Зага? И Зага бараше да одговорам на истото прашање. Јас се најдов во тесно, целиот се испотив и реков:

– Не знам да одговорам на тоа тешко прашање.

Тие се насмевнаа, ме бакнаа и започнаа да потскокнуваат околу мене.

Видое Подгорец

Наставникот го истакнува текстот преку проектор на бела табла, а потоа се прави проверка со потцртување на глаголите. Учениците си прават корекција.

**Рефлексија**

(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)

- Што правевме денес?
- Што научивте?
- Како можете наученото да го користите во секојдневен живот?

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПУШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Видови зборови во реченица (именки, глаголи, придавки, броеви) | Идентификува глаголи во дадена реченица | 155 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Повторување за глаголи од претходниот час.<br>Секој ученик избира по една реченица од домашната работа и го истакнува глаголот во реченицата.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците се насочуваат на читање на текст,, Мачкини очи“ стр.154.<br>Одговараат на прашања поврзани со содржината истакнати преку проектор на таблата:<br>• Кој раскажува во текстот?<br>• Што прават навечер очите на мачката?<br>• Дали ќе се уплашите ако во темница ви светнат мачкини очи?<br>• За што разговареле Билјана со татко ѝ додека се возеле со автомобилот?<br>• Што научила Билјана за мачкините очи на патот?<br>Во прашалните реченици се откриваат глаголите.<br>Штафетно читање на реченици од текстот и секој ученик ги пронаоѓа глаголите во прочитаната реченица.( се обрнува внимание да ги пронајдат само едноставни глаголски форми)<br>*Сте виделе ли како ѝ светат очите на мачката навечер? Некој што не знае дека е мачка може да се исплаши. Но јас не мислам да ви кажувам за мачката. Ја спомнав само затоа што мислам да ви раскажам за* | бела табла<br><br>тетратка<br><br>боичка<br><br>учебник<br><br>компјутер<br><br>проектор<br><br>ДА- НЕ картички<br><br>ЦРВЕНО-ЗЕЛЕНО картички | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Препознава глаголи во реченица и текст<br><br>Учество во изведување на заклучоци<br><br>Одговори на квиз<br><br>Домашна работа |

resursi.literatura.mk

<table>
<tr><td></td><td></td><td></td><td>едни поинакви мачкини очи.<br>Завршни активности – изведување заклучок<br>Игра „Пронајди го глаголот во реченицата!“<br>Секој ученик смислува една реченица. Ја искажува гласно и потоа го посочува зборот кој е глагол.<br>Пример: Мама чисти дома. Глагол е чисти. Учениците со подигање на ДА или ЗЕЛЕНА картичка потврдуваат дека одговороте точен.<br>Потоа ученикот повикува друг ученик да ја продолжи играта.<br>Јасмина јади сладолед. Доколку ученикот каже друг збор дека е глагол се подига картичка НЕ или ЦРВЕНА картичка.<br>Рефлексија<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот?</td><td></td><td></td></tr>
</table>

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТАРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ ТВОРЕЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Усно и писмено изразување и творење | Прераскажува литературен текст по зададен или сопствен план употребувајќи свои зборови. | 156 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Се избира група на ученици кои ќе го прочитаат текстот „Мачкини очи“ - раскажувач, Билјана, татко.<br>Усно прераскажување на текстот „ Мачкини очи“ со помош на прашања.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците следат насоки за писмено прераскажување на текстот.<br>На таблата се истакнува преку проектор краток план кој ќе им овозможи полесно прераскажување и избегнување на директен говор.<br>- Билјана се вози со татко ѝ во автомобил.<br>- Разговор за црвените светла на патот.<br>- Татко ѝ раскажува за мачкините очи на патот.<br>- Уништени знаци опасност за безбедноста на патниците.<br>Учениците самостојно го прераскажуваат текстот со употреба на свои зборови, но притоа да не се промени содржината на текстот.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Читање на готови писмени состави или состави кои се скоро завршени со насоки за доврштување или подобрување.<br>*Активноста може да продолжи и во време на продолжен престој на учениците.* | тетратка<br><br>учебник<br><br>компјутер<br><br>проектор<br><br>бела табла | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Прераскажува литературен текст по зададен план со употреба на сопствени зборови<br><br>Учество во изведување заклучоци<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТАРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ ТВОРЕЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Усно и писмено изразување и творење | Раскажува по серија слики или илустрации. | 157 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците преку проектор се искажуваат за слики на кои се претставени девојчето Тина и нејзинот куче Рони.<br><br><br>Внимателно ги разгледуваат и треба да ги подредат по редослед на настаните.<br>Проверуваат во учебникот стр. 159 дали правилно ги подредиле.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците се делат во мали групи од по 4 ученици. Секоја група добива 8 сликички и се договараат во групата секој ученик да одбере две сликички за | компјутер<br><br>проектор<br><br>бела табла<br><br>сет од 8 слики со простор за пишување под секоја слика (според бројот на групи)<br><br>лист од блок<br><br>лепило | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Составува приказна по серија слики<br><br>Користи целосни реченици за опишување на слика<br><br>Активно учество во работа во групи<br><br>Учество во изведување заклучоци<br><br>Домашна работа |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | раскажување. Под секоја слика има простор за пишување. Учениците се договараат за расказот и секој запишува под сликата што се случува.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Сликите ги лепат на лист од блок. Заедно го презентираат својот расказ.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

СЦЕНАРИЈА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА МАЈ

<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="4">Наставна тема – СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ</td><td colspan="2">ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ</td></tr>
<tr><th>содржини<br>и поими</th><th>стандарди за оценување</th><th>час и датум</th><th>сценарио за час</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr>
<td>Усно прераскажување раскажување и опишување со правилна употреба на сегашно време, минато определено време минато неопределено време (без дефинирање на глаголските времиња)</td>
<td>Опишува лица, ликови, растенија, животни, природни појави, пејзажи со правилна употреба на именски зборови (именки, придавки, броеви, заменки</td>
<td>158</td>
<td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>На клупа се поставени неколку предмети (училишен прибор, саксија со цвеќе, играчки со животни, топка, слики со пејзажи, природни појави и сл.)<br>Учениците самостојно избираат по еден од понудените премети.<br>Наставникот ја започнува активноста со опишување на сликата, но учениците не гледаат што има на неа.<br><br>Пр. Покрај реката стои рибар облечен со зелена рибарска облека. На главата носи зелена капа, на нозете високи гумени чизми. Во рацете држи дрвена јадица. Гладна риба се фати на јадицата. Сонцето полека заоѓа зад планината...<br>Учениците одговараат на прашања:<ul><li>Дали знаете како изгледа рибарот на сликата?(висок, низок, боја на коса, на очи и сл)</li><li>Според опсиот кој го слушавте, дали може да кажете како е облечен?</li><li>Што друго има на сликата?</li></ul>Наставникот ја покажува сликата за да видат учениците дали ја замислиле исто или слично според опсиот од наставникот.</td>
<td>Предмети од :<br><br>училишен прибор,<br><br>саксија со цвеќе,<br><br>играчки со животни,<br><br>топка,<br><br>слики со пејзажи,<br><br>природни појави<br><br>учебник<br><br>работен лист<br><br>компјутер<br><br>проектор<br><br>бела табла</td>
<td>Усни одговори на поставени прашања<br><br>Опишува лица, ликови, растенија, животни, природни појави, пејзажи со правилна употреба на именски зборови<br><br>Учесвто во изведување заклучоци<br><br>Домашна работа</td>
</tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците читаат текст од учебник стр. 64 и се<br>Во дворот на баба ми се почувствува мирисот на пролетта. Пред мене како раскошна кралица стоеше најубавото дрво. Крошната личеше на разгранета печурка, со безброј цветови во розеникава боја. Кората на стеблото беше со боја на најплодна почва, а неговите листенца во форма на зелени очи, кои ми го одземаа здивот. Широките гранки изгледаа како рацете на мајка ми кога се стрчува кон мене да ме прегрне.<br>запознаваат со поимот опис/опишување<br>Учениците одговараат на прашања поврзани со содржината:<br>• Како изгледала крошната на дрвото?<br>• Каква боја му се цветовите?<br>• Каква боја и форма имаат листенцата?<br>• Како изгледале неговите гранки?<br>Се изведуваат заклучоци дека при опишување се користат зборови со кои се открива изгледот, формата, големината, бојата, градбата или нешто друго на некој предмет, суштество, природна појава, објект и др.<br>Учениците усно го опишуваат предметот кој го избраа, а потоа го опишуваат и илустрираат во својата тетратка.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците ги читаат своите описи и го претставуват цртежот со цел да покажат дека описот соодветствува со цртежот.<br>*Се даваат насоки за домашна работа (учебник стр. 65 или работен лист од Вежбанка по македонски јазик за трето одделение од Арс Ламина стр. 71)*<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Видови литературни текстови<br><br>(расказ,<br>бајка,<br>басна,<br>драмски текст,<br>песна) | Прави разлика меѓу драмски**,** поетски и наративен текст и ја објаснува разликата преку примери<br><br>Ги објаснува (преку пример) карактеристиките на песна (стих, строфа, рима) | 159 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>*Претходна подготовка - Наставникот може да покани повозрасни ученици кои претходно го имаат добиено текстот и се подготвени да читаат по улоги.*<br>Учениците се насочуваат на внимателно слушање на текст„Поклони се и почни“.<br>*Извадок од текстот „ Поклони се и почни“ од Вежбанка по македонски јазик за трето одделение од Арс Ламина стр. 60)*<br><br>„Може да почнам?“, праша штурецот Свирче.<br>„Само да го проверам микрофонот... 1, 2, 3... штурчето се скри!“, му намигна богомолката Богдана.<br>„Многу смешно...“, рече Свирче.<br>„Животни и животни, вечерва се собравме да го прославиме раѓањето на десетмилијардитото ливче во шумава. Во негова чест, нашиот штурец Свирче ќе изрецитира една ода. Повели, Свирче!“, викна Богдана и се симна од сцената, испратена со титански аплауз.<br>„О, дрво!<br>Милиони години лисје ти ни раѓаш,<br>како камила во колено вода што носи,<br>како слон што труби еп за мунгосовите уши,<br>како пони коњче што каска по патот на пчелите, | Примерок од Вежбанка по македонски јазик за трето одделение од Арс Ламина<br><br>работен лист<br><br>боички<br><br>компјутер<br><br>проектор<br><br>бела табла | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Прави разлика меѓу драмски и поетски текст.<br><br>Ги препознава карактеристиките на драмски текст<br><br>Ги објаснува карактеристиките на песна (стих, строфа,рима)<br><br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | како циновска отсечка од ребус в ребус што ита, како…“<br>„Е, што ода е ова без рима?“, праша еден јастог од публиката...<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците се информираат дека слушале извадок од бајка од книгата„ Поклони се и почни“ од Владимир Лукаш.<br>Одговараат на прашања од текстот:<br>• Каков литературен вид е текстот?<br>• Кои ликови ги сретнавме во текстот?<br>• Кој бил Свирче?<br>• Каков проблем имал Свирче?<br>• Што му препорачала Богдана ако не ги пронајде крадците кои му ја украле римата?<br>Учениците добиваат работен лист со песната која ја рецитирал Дрварко.<br>• Од колку строфи е составена песната?(три строфи)<br>• Колку стихови има во секоја строфа?(4 стиха)<br>• Што претставува рима со песна?<br>Се насочуваат тивко во себе да ја прочитаат песната и понудените зборови да ги стават соодветно на празните линии за да добијат римувани зборови.<br><br>**рози, пее, тој,мит, грее, валаби**<br><br>Па, што прави тогаш ___?<br>Скока и го лути кутриот ној.<br>Ко гуштер на сонце се ____<br>И везден оди за коали пее.<br><br>Читање на строфите со цел да се провери дали правилно ги поставиле римуваните зборови. | | Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Завршни активности – изведување заклучок**<br>Хорово се чита песната на Свирче со која искажува благодарност кон Дрварко со чија помош си ги вратил римите.<br><br><br>Учениците ги потцртуваат римите во строфата.<br>Изведуваат заклучок за разлика помеѓу драмски и поетски текст.<br>*Насоки за домашна работа- Да се препиши песната „ Мајски цвет“стр. 147 со ракописни латинични букви и да се потирта римата.*<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо | Пишува диктат со латинични печатни и ракописни букви | 160 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Читање на песната „ Мајски цвет“ и разговор за поетските слики:<br>• Што ни е опишано во првата поетска слика?<br>• Што му пее пчеличката на цветот?<br>• За кого треба да собери пчелата мед?<br>• За какво пријателство се пее во песната?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците се насочуваат да се подготват за пишување на песната по диктат со ракописни латинични букви<br>Секој ученик пишува во посебна тетратка за писмени вежби (од ученичкото портфолио).<br>Наставникот диктира со умерено темпо со правилна интерпункција со цел учениците да воочат кој знак треба да се напиши.<br><br>МАЈСКИ ЦВЕТ<br>Крај поточе мирис лее<br>еден мајски цвет,<br>а пчеличка брмчи, пее:<br>– Дај ми малку мед!<br>Цветот личен ѕвони, ѕвони<br>радосен е тој:<br>Збери, збери, за дечиња<br>ти од сокот мој!<br>Таква љубов каде има,<br>кој на овој свет?<br>Меѓу мала вредна пчела<br>и мајскиот цвет.<br>Видое Подгорец<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците се самооценуваат со проверка на точноста на | учебник<br>тетратка<br>компјутер<br>проектор<br>бела табла | Одговор на прашања со целосна реченици<br>Писмени изработки на учениците – пишување по диктат со ракописни латинични букви<br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | напишаното гледајќи го текстот прикажан на табла преку проектор.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо | Пишува диктат со латинични букви користејќи тастатура | 161 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Разговор за годишното време пролет и пролетните месеци:<br>• Кога започнува пролетта?<br>• Кои месеци се пролетни?<br>• Кој од нив е најтопол и најубав месец?<br>• Кои празници ги одбележуваме во месец мај?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците се поделени во групи.<br>Во секоја група има примерок од текст „ Koga dzvonat majskite dzvoncinja“.<br>Се чита текстот штафетно од учениците.<br>Во секоја група има по еден детски лаптоп.<br>Наставникот дава насоки за пишување по диктат во програмата Writer во детските лаптопи. Еден ученик диктира реченица со умерено темпо, а друг пишува на компјутер со латинична поддршка. Дозволена е поддршка од учениците при пронаоѓање на латинските букви или интерпункциските знаци на компјутер.<br>Секој ученик ќе има можност да пишува по една реченица на компјутер и да диктира по една реченица. Штом завршат сите ученици продолжуваат по истиот редослед.<br>Во зависност од времето и брзината на пишување на учениците може да се напише поголем дел од текстот или целиот текст. | учебник<br><br>тетратка<br><br>компјутер<br><br>детски лаптопи<br><br>лист со текст за диктат за секоја група<br><br>проектор<br><br>бела табла | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Писмени изработки на учениците – пишување по диктат со користење на тастатура<br><br>Активно учество во работа во група<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Завршни активности – изведување заклучок**<br>Секој ученик прави проверка на точноста на напишаното гледајќи го текстот прикажан на табла преку проектор. Секоја точно напишана реченица се штиклира и секоја група брои колку вкупно реченици напишале по диктат со примена на тастатура.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |



KOGA DZVONAT MAJSKITE DZVONČINJA

Slušate li kako dzvonat majskite dzvončinja?
Kolku nežno gi niška tivkiot razvigorec? Neprestajno gi niška.
A tie dzvonat, dzvonat, dzvonat...
Dzvonat vo zelenoto kadife na trevite i šumite.
Dzvonat vo volšebnite cvetovi na drvjata.
Dzvonat koga pağaat majskite tivki rosi.
Dzvoni pesnata na slavejot.
Zatoa maj e najubaviot mesec na proletta. Toj gi nosi veselite igri na decata. Tie trčaat niz polinjata i berat raznobojni cveќinja što im gi podaruva proletta.
A potoa pletat venčinja za da gi zakitat učilištata, učilnicite, spomenikot na Nikola Karev, Pitu Guli. . .
Da ja zakitat slikata na Goce Delčev.
Dzvonat majskite dzvončinja vo učilnicite, a učenicite učat stihotvorbi i pišuvaat sostavi za najubaviot mesec vo godinata.

resursi.literatura.mk

| | |
|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставна тема – СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ |

| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Слушање со разбирање | Ги идентификува ликовите во слушнатиот текст и определува колку се, кој (и кога) зборува и како зборува (тивко, умерено или гласно) | 162 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците во парови имаат географска карта на Р. Македонија.<br>Наставникот кажува град(Скопје) и заедно со учениците го пронаоѓаат на каратата. Ги пронаоѓаат трите најголеми природни езера, планини и се искажуваат дали посетиле некои од нив.<br>• Дали имате посетено некои од овие градови/езера/планини?<br>• Што најмногу ви се допадна кога ги посетивте...?<br>(*Корелација со содржини од наставен предмет Општество- Тема: Ја сакам мојата држава*)<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците внимателно следат насоки за активноста.<br>Читање на текст„ Најубавото во Македонија“-стр150.<br>Наставникот избира девет ученици кои добиваат улога да читаат(прво, второ, трето, ..., деветто дете) и еден ученик кој ќе биде Борче.<br>Заедно со сите ученици се разгледува текстот и се даваат инструкции за читање и внимателно да се следи:<br>• Кој и кога ќе зборува;<br>• Како да зборува)тивко, умерено, гласно);<br>• Кога се вклучува раскажувачот;<br>• Кога сите деца треба да читаат заедно | Географска карта на Република Македонија<br><br>учебник<br><br>работен лист<br><br>проектор<br><br>бела табла | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Идентификува ликови во слушнатиот текст<br><br>Определува број на ликови во текст<br><br>Препознава говор на лик во текст<br><br>Учество во изведување заклучоци<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Наставникот првиот пат ја превзема улогата на раскажувач.<br>Учениците одговараат на прашања:<br>• Колку деца разговараат во текстот?<br>• За што разговарале децата?<br>• Кое дете било во право?<br>Повторно читање на текстот од друга група ученици со насоки за изразно читање со почитување на интерпункциските знаци и со соодветна јачина(тивко, умерено или силно) зависно од ситуацијата.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците во парови добиваат работен лист и треба да направат поврзување на ликовите кои зборуваат со нивната мисла **Пример:**<br>Прво дете: Најубави се нашите источни краишта!<br>Второ дете : Најубави се нашите северни краишта!<br>Трето дете: Најубави се нашите западни краишта!<br>Учениците како помош се служат со учебникот.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Видови литературни текстови<br><br>(расказ,<br>бајка,<br>басна,<br>драмски текст,<br>песна) | Ги објаснува (преку пример) карактеристики те на песна (стих, строфа, рима) | 163 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците се искажуваат за нашата азбука- кирилица.<br>• Колку букви има во нашата азбука?<br>• Која е прва, а која последна буква?<br>Учениците се подготвуваат за исполнување на песната за азбуката со пеење на стихови за секоја буква.<br>https://www.youtube.com/watch?v=u2pjhmTW6SI<br><br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците се искажуваат дали знаат кој ја создал нашата азбука – кирилица. Наставникот дава објаснување за сесловенските просветители Кирил и Методиј соодветно на нивната возраст.<br>Следат изразно читање на песната „ Кирил и Методиј“ стр. 160.<br>Одговараат на прашања за содржината на песната: | компјутер<br><br>звучници<br><br>проектор<br><br>бела табла<br><br>учебник<br><br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Ги објаснува карактеристиките на песната: строфа, стих, рима<br><br>Изразно чита поетска творба<br><br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Од коку строфи е составена песната?<br>• Колку стихови има во секоја строфа?<br>• На кого е посветена песната?<br>• Зошто браќата Кирил и Методиј се наречени Свети браќа?<br>• Кој ден го славиме како Ден на сесловенските просветители?<br>Изразно читање на песната од учениците по строфи.<br>Хорово и изразно читање на песната.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Секој ученик избира строфа која најмногу му се допадна и ја препишува во тетратката. Ја потцртува римата.<br>*Насоки за домашна работа – Меморирање на песната.*<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ/ ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Читање со разбирање<br><br>Говорење со разбирање | Чита текст со соодветна интонација<br><br>Го прилагодува тонот, интонацијата и стилот на говорење на комуникациска та ситуација | 164 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Група од четири ученици читаат по една строфа од песната „Кирил и Методиј“со цел учениците да се потсетат на содржината.<br>Се даваат насоки читањето да биде изразно, со умерена брзина.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците следат насоки од наставник за изразно рецитирање на песната:<br>- Правилен став на телото;<br>- Точно презентирање на содржината;<br>- Јасно изговарање на зборовите;<br>- Внесување на емоции при рецитирање<br>Учениците внимателно го следат рецитирањето на секој соученик и забележуваат дали ги исполнува сите наведени критериуми.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Анализа на изведбите на учениците - Секој ученик се искажува дали бил задоволен и што би можел поинаку да направи за да го подобри своето рецитирање на песната.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за | учебник<br><br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Изразно чита поетска творба<br><br>Го прилагодува тонот, интонацијата и стилот на говорење на комуникациската ситуација<br><br>Учество во изведување заклучоци<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Слушање со разбирање | Идентификува и кажува податоци за времето, местото и начинот на вршењена дејството во слушнат текст<br><br>Одговара на прашања од различен тип (да/не-прашања, кој/што-прашања, каде/кога прашања, зошто прашања) во врска со слушната содржина | 165 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците слушаат изразно читање на басна„Двете кучиња“- Езоп *( Вежбанка по македонски јазик за трето одделение од Арс Ламина)*<br>Се искажуваат за каратеристиките на басната како литературна творба.<br>• *Кратка творба;*<br>• *Главни ликови најчесто се животни;*<br>• *Преку животните се претставени особини на луѓето(се исмејуваат негативните особини)*<br>• *Се извлекува поука*<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Басната се прикажува преку проектор на табла за учениците повторно да ја прочитаат. Под текстот се поставени прашања од различен тип на кои учениците треба да дадат соодветен одговор:<br>• Како се вика басната?<br>• Кој е автор на басната?<br>• Кои ликови се среќаваат во басната?<br>• Што се зборува во текстот?<br>• Каде се случи настанот?<br>• Кога се случи настанот?<br>• Зошто се појави проблемот меѓу кучињата? | Примерок од Вежбанка по македонски јазик за трето одделение<br><br>компјутер<br><br>проектор<br><br>тетратка<br><br>бела табла | Усни одговори на прашања со целосна реченици<br><br>Писмени одговори на прашања од различен тип со целосна реченица.<br><br>Учество во изведување заклучоци<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Учениците следат насоки да дадат писмени одговори на прашањата во тетратка.<br>*Еден човек си имал две кучиња: едното било ловечко куче, дресирано да му помага во ловот, а другото домашно куче, научено да ја чува куќата.*<br>*Кога се вратил дома по успешниот ден поминат на лов, човекот секогаш на домашното куче му давал големо парче од уловеното...*<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Се читаат одговорите на учениците и се анализира текстот прикажан на проектор од каде ги пронашле одговорите.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Користење мобилен телефон (паметен уред, апликации за телефон/ паметен уред, икони, емотикони | Илустрира текстуална порака со соодветен емотикон | 166 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Претходна подготовка( *Во договор со родители неколку ученици носат мобилен телефон/таблет)*<br>Наставникот пишува порака на компјутер, а учениците следат преку проектор.<br>• Каква порака испратив на месинџер?<br>• Дали гледате кому му испратив?<br>• Освен текстуалната порака што друго испратив?<br>• Дали емотиконот одговара на пораката?<br>• Каков друг емотикон можев да пратам за да честитам роденден?<br><br><br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците следат насоки каде се пишува текстуална порака и од кој дел се извлекува емотикон кој можат да го стават како дополнение на пораката.<br> | компјутер<br><br>проектор<br><br>бела табла<br><br>мобилни телефони/таблети<br><br>работен лист за групна работа<br><br>учебник | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Илустрира текстуална порака со соодветен емотикон<br><br>Одговори во работен лист<br><br>Активно учество во групни актив-ности<br><br>Учество во групни активности |

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td></td>
<td>
Пример: Многу сум гладна. Ќе ми купиш 🍕 кога ќе се враќаш дома?<br>
Учениците се поделени во 4 групи. Добиваат лист со две пораки со различна содржина. Пр:
<ul>
<li>среќа, радост, задоволство (Имам нови патики)</li>
<li>тага (Жал ми е за твоето маче)</li>
<li>лутина ( Заради тебе мене ме искараа.)</li>
<li>љубов (Баш си срцка!)</li>
<li>согласување, поддршка (Браво!)</li>
<li>загриженост ( Уште имаш температура?)</li>
<li>шеговита, иронична содржина (Уживав додека ја пишував домашната).</li>
</ul>
Секоја група ги чита пораките што ги добила, пребаруваат емотикони од мобилен и штом пронајдат соодветен го цртаат до пораката во работнот лист.<br>
Секој член во групата може да понуди и друг цртеж кој би одговарал на пораката.<br>
Ги презентираат пораките и емотиконите и се искажуваат какви емоции предизвикала пораката кај нив.<br>
Преку заедничка дискусија се утврдува кои емотикони за која емоција биле користени и се заклучува дека иста емоција може да се изрази со различни емотикони.<br>
Завршни активности – изведување заклучок<br>
Учениците се насочуваат да откријат кој емотикон на која порака одговара. (стр. 172)<br>
Зошто така мислите?<br>
🥳 🤦 🤩
<ul>
<li>Не сакав да испадне вака...</li>
<li>Леле, како не се сетив?!</li>
<li>Е сега сум навистина лут/а!</li>
<li>Среќен роденден!</li>
<li>Многу сум тажен/тажна!</li>
<li>Пресреќен/пресреќна сум!</li>
</ul>
🙁 😢 😡
</td>
<td></td>
<td></td>
</tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *Насоки за домашна работа - Во својата тетратка нацртај ги емотиконите што најчесто ги користиш и објасни го нивното значење со една реченица.*<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Усно прераскажување раскажување и опишување со правилна употреба на сегашно време, минато определено време минато неопределен о време (без дефинирање на глаголските времиња) | Прераскажува со правилна употреба на реченици во минато неопределено време | 167 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците се искажуваат за превозно средство – автобус.<br>• Дали имате патувано со автобус?<br>• Каде сте патувале?<br>• Со кого патувавте?<br>• Каде застануваат градските автобуси?<br>• Каде се купува билет за возење во градски автобус, а каде ако патуваме со меѓуградски автобус?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците внимателно слушаат изразно читање на текст „ Автобус“ стр. 152<br>• Што правеле автобусите?<br>• Кој чекал на постојка?<br>• Кој број на автобус го чекал?<br>• Колку автобуси пристигнале на постојката?<br>• Кој го замолил да му помогне да се качи на автобус број три?<br>• Дали Орце се качил на автобусот број 9? Зошто?<br>• Дали бил загружен за тоа?<br>Учениците се насочуваат усно да го прераскажат текстот според дадениов план:<br>1. Орде чека автобус.<br>2. Молбата на бабичката. | компјутер<br><br>проектор<br><br>бела табла<br><br>учебник<br><br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Усно прераскажува со употреба на реченици во минато неопределено време<br><br>Учество во изведување заклучоци.<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 3. Испуштениот автобус.<br>Наставникот дава насоки за прераскажување со употреба на реченици во минато неопределено време( објаснува соодветно на возраста без да дефинира глаголско време)<br>*Многу автобуси минувале ги разнесувале луѓето на различни места. Некои оделе на работа, на училиште, некои се враќале дома...*<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците го препишуваат планот во тетратката со насоки за домашна работа да го прераскажат текстот на начин како што усно прераскажуваа за време на часот.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Усно прераскажување прераскажување и раскажување и опишување со правилна употреба на сегашно време, минато определено време минато неопределен о време (без дефинирање на глаголските времиња) | Преобликува реченици со различна комуникациска цел од индиректен говор во дијалошки форми (Библиотекарот нè праша кога ќе си одиме. Му рековме дека имаме уште малку за пишување. – „Кога ќе си одите, ученици?“ „Имаме уште малку работа, библиотекаре“) . | 168 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците слушаат изразно читање текст „ Клубот на љубезноста“стр. 58 - (предлог текст од Вежбанка по македонски јазик за трето одделение од Арс Ламина)<br>*Во училишниот двор, на големиот одмор, на клупата седеше Сара, натажена и замислена. Ѝ пријдов и ја прашав зошто е тажна. Сара ми раскажа за една немила случка што ѝ се случила со Боби, училишниот насилник. Боби ја зел нејзината омилена книга и искинал неколку страници од неа. Се навредив од постапката на Боби и предложив да преземеме нешто околу тоа...*<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците одговараат на прашањата поврзани со содржината на текстот.<br>• Зошто Сара била тажна и замислена?<br>• Што направил насилникот Боби?<br>• Каков предлог дало момчето?<br>• Кој прв се приклучил на „Клубот на љубезноста?“<br>• Која им била целта на членовите на клубот?<br>• Дали Боби станал член на „Клубот на љубезноста?“<br>• Каква промена се случила во училиштето?<br>Преку проектор се истакнува текстот и заедно со учениците се составуваат дијалози од индиректниот говор од текстот. Пример: | компјутер<br><br>проектор<br><br>бела табла<br><br>примерок од Вежбанка по македонски јазик за трето одделение од Арс Ламина<br><br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Преобликува реченици од индиректен говор во дијалошки форми<br><br>Учество во изведување заклучоци.<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *„Зошто си натажена и замислена?“- момчето ја праша Сара.*<br>*„Боби ми ја зеде омилена книга и ми искина неколку страници“*<br>*„ Мора да преземеме нешто околу тоа“ – предложило момчето.*<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците се насочуваат да препишат една реченица од текстот и самостојно(со мала помош) да се обидат да напишат дијалог. Пример:<br>• *Наставничката Ана нè пофали за нашата идеја за клубот и ни кажа дека се гордее со нас.*<br>• *„Клубот на љубезноста е одлична идеја и се гордеам со вас“- ги пофали наставничката Ана*<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | |
|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставна тема – СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ |

| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Усно прераскажување раскажување и опишување со правилна употреба на сегашно време, минато определено време минато неопределен о време (без дефинирање на глаголските времиња) | Преобликува реченици со различна комуникациска цел од индиректен говор во дијалошки форми (Библиотекарот нè праша кога ќе си одиме. Му рековме дека имаме уште малку за пишување. – „Кога ќе си одите, ученици?“ „Имаме уште малку работа, библиотекаре“) . | 169 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Разговор за содржината на текстот„ Клубот на љубезноста“.<br>• Кои ликови ги сретнавме во текстот?<br>• Кој бил проблемот на Сара?<br>• Како момчето понудило да го решат проблемот?<br>• Дали „Клубот на љубезноста“ бил правилно решение за проблемот?<br>• Што се променило во училницата?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Наставникот формира групи од по 6 ученици. На сите ученици им дава лист со **драмски текст**„ Клубот на љубезноста“ стр 56(*Вежбанка по македонски јазик за трето одделение од Арс Ламина*).<br>Учениците се запознаваат со ликовите, избираат кој лик би сакале да го читаат бидејќи на претходниот час се запознаа со содржината на текстот кој го читаа во индиректен говор.<br>**Ликови:** Тони (8 години), Сара (8 години), Боби (9 години), Лили (9 години), Иво (8 години), наставничката Ана.<br>**Сцена:** За време на големиот одмор во училишниот двор.<br>**Тони:** Здраво Сара. Зошто си тажна и замислена, нели сме на одмор? | компјутер<br><br>проектор<br><br>бела табла<br><br>примерок од Вежбанка по македонски јазик за трето одделение од Арс Ламина<br><br>работен лист<br><br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Преобликува реченици од индиректен говор во дијалошки форми<br><br>Учество во изведување заклучоци.<br><br>Домашна работа |

**Сара:** Ах, тажна сум, бидејќи имам проблем со Боби. Ја зема мојата омилена книга и искина неколку страници. **Тони:** Не можеме веќе да му дозволуваме да се однесува така со нас! Нешто треба да смислиме...

Учениците гласно ги презентираат дијалозите од текстот. Секоја група добива работен лист. Во табела се претставени пет реченици од текстот„ Клуб на пријателство“ Учениците треба да ги преобликуваат во дијалошка форма.

**Пример:**

| **Индиректен говор** | **Директен говор (дијалошка форма)** |
|---|---|
| Тони ја праша Сара зошто била тажна и замислена. | „Сара, зошто си тажна и замислена? “– ја праша Тони |
| Боби ја зел нејзината омилена книга и искинал неколку страници од неа | |
| Му кажавме дека не е убаво да се навредуваат другите луѓе. | |
| Боби се согласи да биде член на Клубот на љубезноста. | |
| Наставничката Ана нè пофали за клубот и ни кажа дека се гордее со нас. | |

**Завршни активности – изведување заклучок**

Презентирање на реченците прикажани во дијалошка форма од страна на групите. Наставникот преку проектор прикажува како правилно се преобликуваат речениците од индиректен говор во дијалошка форма.

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |